РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-776/7 29-04-2025

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот: со адреса бул. е-маил поднесено на 10.04.2025 година преку е-маил адреса, заведено со архивски број 08-776/1 од 11.04.2025 година, Директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето поднесено од поднесено на 10.04.2025 година преку е-маил адреса, заведено со архивски број 08-776/1 од 11.04.2025 година, СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот до Агенцијата за администрација на ден 10.04.2024 година поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

„Документација поврзана со решенија од Агенцијата за филм и тоа: број 04-1857/4 од 04.11.2025 година, број 04-1855/4 од 04.11.2025 година, број 04-1856/4 од 04.11.2025 година, односно достава на целокупна документација поврзана со постапување од страна на Агенцијата за администрација на РСМ и тоа од барање на податоци - ваши дописи број 09-520/2 од 13.11.2024 година , број 09-521/2 од 13.11.2024 година и број 09-522/2 од 13.11.2024 година, па се до донесена одлука,“

На 14.04.2025 година од страна на службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер, по пат на електронска коресподенција заведена во списите на предметот под број 08-776/2, му беше укажано на барателот дека е потребно да го прецизира односно дополни барањето во делот „документација поврзана со решенија од Агенцијата за филм и тоа: број 04-1857/4 од 04.11.2025 година, број 04-1855/4 од 04.11.2025 година, број 04-1856/4 од 04.11.2025 година, односно достава на целокупна документација поврзана со постапување од страна на Агенцијата за администрација на РСМ“ како и во делот „па се до донесена одлука“, воедно укажувајќи му и на последиците доколку не го стори тоа во рок од три дена од денот на известувањето, согласно член 17 ставови (1), (3) и (5) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а од причина што во наведениот дел од барањето не се однесува на конкретна информација односно конкретен документ кој Агенцијата за администрација го создала или со кој располага.

По укажувањето, барателот истиот ден, односно на 14.04.2025 година по пат на електронска коресподенција заведена во списите на предметот под број 08-776/3, наведе дека потребно е да и бидат доставени одлуките со Наш број 09-521/4, 09-520/4 и 09-522/4.

На 28.04.2025 година од страна на службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер, по пат на електронска коресподенција заведена во списите на предметот под број 08-776/5, му беше укажано на барателот дека е потребно да прецизира од која година се одлуките кои бара да му бидат доставени.

По укажувањето, барателот истиот ден, односно на 14.04.2025 година по пат на електронска коресподенција заведена во списите на предметот под број 08-776/6, наведе дека е потребно да му бидат доставени одлуките донесени во 2024 година.

Согласно член 4 став (1) точка 1 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 294/21) „Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење: **„Личен податок“** е секоја информација која се однесува на **идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме**, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

Согласно членот 6 став (4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „ Ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот“,

Агенцијата за администрација при разгледување на барањето, утврди дека бараните документи содржат лични податоци, но истите согласно член 6 став (4) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, можат да се анонимизираат, односно прикријат.

Имајќи го во предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информации од јавен карактер, а нема сознание дека истите се однесуваат на информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката, постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,

Д-Р

Изработил:

Одобрил:

Согласен:

Одобрил:

Доставено до:

- Директор;
- Барателот на информацијата;
- Сектор за правни работи и
- Архива.